Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 02.06.2023

На 01.06.2022 во 09.40 часот полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода С.Д.(18) од Битола. При претрес во неговиот дом во Битола, извршен со судска наредба, бил пронајден и одземен кокаин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.06.2023 во 01.20 часот од угостителски објект во Градски парк во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Б.Б.(30) од Скопје, затова што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово ноќесса (02.06.2023) околу 01.20 часот, на ул.„Благоја Тоска" во Тетово, го лишиле од слобода 23-годишниот тетовец М.Ц., затова што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 02.06.2023 во 02.05 часот од угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Т.К.(29) од Скопје, затова што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 17.20 часот од угостителски објект на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.А.(27) и И.Л.(31), двајцата од Скопје, затова што кај Н.А. била пронајдена и одземена марихуана, а кај И.Л. биле пронајдени и одземени 9 куршуми од пиштол 9 мм. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Вчеравечер (01.06.2023) околу 23.55 часот, на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 18-годишниот С.Р. од гостиварски Добридол. При претрес кај С.Р. була пронајдена и одземена марихуана, по што бил задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 02.06.2023 во 01.40 часот од угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници ја лишиле од слобода М.П.(21) од Скопје, затова што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 05.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(29) од Скопје, затова што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 20.30 часот во училиштен двор во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола лишиле од слобода тројца малолетници од Битола, поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 16.15 часот во Скопје, по преземени мерки и активности од полициски службеници од Единицата за насилен криминал-Одделението за насилен криминал при СВР Скопје, бил лишен од слобода А.Н.(24) од Скопје. Тој бил приведен околу 13.00 часот од 56-годишен скопјанец дека преку мобилна апликација му упатил гласовни пораки со заканувачка содржина. Во координација со Јавен обвинител лицето било приведено и задржано во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен поднесок, поради основано сомнение дека сторил кривично дело по чл.144 ст.4 од Кривичниот законик.

На 01.06.2023 во 16.00 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, при извршена пасошка контрола на Џ.К.Л.(36) од САД и проверка во оперативната евиденција било констатирано дека за него е издадена мерка „алив", по телеграма од СВР Скопје. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 198 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 57 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, осум за непрописно преминување, три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 01.06.2023 во 14.30 часот било приведено дека на клучка од експресен пат Кочани –Три чешми и излез од експресен пат кон ТИРЗ Штип, патничко возило „мерседес" со кочански регистарски ознаки, управувано од Ј.Л. (79), во кое сопатничка била А.В.(78), двајцата од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешка телесна повреда, а А.В. со телесна повреда, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 01.06.2023 во 07.45 часот на ул.„Питу Гули" во Охрид, патничко возило „поло" со прилепски регистарски ознаки удрило во малолетен велосипедист од Охрид, по што двајцата ученици го напуштиле местото. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, кои му биле констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Ц.(75) од Скопје пријавил дека на ул.„Горно Лисиче" бил каснат од куче скитник.

На 01.06.2023 околу 10.35 часот било пријавено дека на регионален пат Р-1105, на патен правец од с.Јосифово кон с.Пирава, патничко возило „фиат уно" со волешки регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(56) од с.Пирава, излетало надвор од патот. На местото на несреќата починал возачот Д.Ј.. Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт. Увид извршиле увидна екипа од Полициска станица Валандово и Јавен обвинител, по чија наредба телото е предадено на обдукција.

На 01.06.2023 во 15.50 часот во Полициската станица Аеродром, О.М.(45) од Скопје пријавил дека на ул.„23 Октомври" бил каснат од куче скитник.

Денеска (02.06.2023) во 12.30 часот кај клучка Демир Капија од страна на патрола служба од Полициската станица за гранични надзор Меѓународно на задел знак за запирање на патничко возило „ајфа ромео", со скопски регистарски таблички, возилото не сопрело туку продолжило да се движи во правец на Неготино. По преземени активности во 12.50 часот кај клучка Неготино, од страна на друга патролна служба на Полициската станица Михајлово возилото е опрено и во него се пронајдени 2 лица мигранти од Сирија. А.Н. од Скопје, кој го управувал возилото, е лишен од слобода, за случајот е известен Јавен обвинител и по негово целосно документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок, а лицата мигранти ќе бидат пренесени во прифатно-транзитен центар.

На 01.06.2023 од страна на полициски службеници од Одделение за криминалистички работи Аеродром и Драчево, по преземени мерки и активности е лишен од слобода С.Р.(26) од Скопје. За него бил распишан расипс, поради сомнение дека на 24.05.2023 во Транспортен центар извршил кривично дело кражба, при што одјел предмети од Х.О. од Турција. При извршен преглед кај С.Р. биле пронајдени 7 пакувања прашкаста материја, а при извршен службен разговор во полициска станица, С.Р. признал дека е сторителот на кражбата, а одземените предмети се пронајдени кај него и ќе бидат вратени на сопственикот. По документирање на случајот против лицето ќе следува кривична пријава.

На 01.06.2023 од полициски службеници Единицата за економски и компјутерски криминал и полициски службеници од СВР Скопје, во соработка со инспекторот од Државниот пазарен инспекторат (ДПИ) и Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС), извршена е акциска контрола на шест правни лица - отпади на подрачјето на Карпош во Скопје. Во рамки на акциската контрола во четири од правните лица, од страна на ДПИ е констатирано дека немаше соодветна документација за водење на материјална евиденција, а во едно од нив од страна на ДИЖС е констатирано дека не поседувало дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад. За констатираните неправилности од полициските службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал ќе биде известен Јавен обвинител, а од страна на инспекторатите ќе бидат изречени соодветни санкции.

Денеска (02.06.2023) околу 12.30 часот на автопатот Штип-Михајловци, недалеку од место викано „Криви Дол", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тојота лендкрузер" со кочански регистарски ознаки, управувано од Д.С.(29) од Кочани и „шевролет калос" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(44) од Скопје. На местото на несреќата починале В.З.(62) од Кочани и малолетна сопатничка во возилото „шевролет", а смрт констатираа лекар од Итна медицинска помош. Двајцата возачи, Д.Ж.(34), сопатник во возилото „тојота", С.М. (37) и уште еден малолетен сопатник од возилото „шевролет" биле пренесени за указување на лекарска помош во Клиничка болница Штип, каде што и С.М. им подлегнал на повредите. Увид извршиле увидна екипа од СВР Штип.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.И. (38) од с. Грдовци и Х.М. (22) од с. Бапско, струмичко, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.05.2023 година, во с.Грдовци, во домот на еден од пријавените, при извршен претрес биле пронајдени вреќи со 3,2 кг марихуана, а во патничкото возило „тојота" бил пронајден амфетамин.

На 01.06.2023 во 20.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу С.И.С.(49) и М.Т.А.(42), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 15.00 часот М.Д.А.(61) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на подрачјето на Центар неговата малолетна ќерка била физички нападната од Ј.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 21.30 часот на ул.„Максим Горки" во Прилеп од полициски службеници од ОВР Прилеп е лишен од слобода Т.П.(48) од Прилеп, затова што по претходна расправија во неговиот дом во Прилеп физичкиот ја нападнал неговата 35-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 13.30 часот 54-годишен маж пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од неговиот син Б.М.(26). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 22.10 часот Ј.Ѓ.(49) од Крива Паланка пријавила дека околу 21.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Гази Баба, по претходни недоразбирања, била физички нападната од Д.Т.(38) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 18.00 часот Р.К.(47) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 01.15 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар од полициски службеници бил приведен Д.С.(41) од Скопје, поради тоа што агресивно се однесувал кон них додека извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.06.2023 во 19.40 часот Х.Б.(44) од Тетово пријавила дека во Тетово нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од двајца други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 18.20 часот Ј.Ѓ.(49) од Крива Паланка пријавила дека околу 17.30 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од К.О.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 13.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Воспитно-поправниот дом во с.Волковија, малолетен штитеник од Скопје физички нападнал вработен во установата. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 18.45 часот во СВР Битола било пријавено дека на паркинг на ул.„Смилевски Конгрес" во Битола, товарно возило „фиат панда" со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Ц.(28) од Битола, удрило во малолетен пешак од Битола. Во несреќата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани од Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидната екипа од СВР Битола.

На 01.06.2023 во 18.35 часот било пријавено дека во Гостивар, во соба од објект каде престојувал под кирија, бил пронајден починат Џ.Б.(59) од Тетово. Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 01.06.2023 во 20.15 часот во Полициско одделение Новаци, С.С.(58) од с.Трап пријавил дека околу 14.30 час во круг на фирма во Битола, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.В.(62) од с.Добрушево. Него така, С.В. во 15.20 часот пријавил дека добивал закани од неговиот колега С.С. и неговата фамилија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 16.40 часот во ОВР Прилеп, М.П.(29) од Прилеп пријавил дека околу 14.40 часот пред маркет во Прилеп бил физички нападнат од Т.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 13.00 часот во Полициска станица Струмица, И.Ц(44) од Струмица пријавил дека околу 10.45 часот, за време на училиштен одмор во средно училиште во Струмица, каде учел неговиот малолетниот син, две лица кои ги познавал физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 14.00 часот Ц.М.(46) од Скопје пријавил дека околу 12.45 часот на подрачјето на Бит Пазар неговиот малолетен син бил физички нападнат од две лица, од кои едното имало остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 околу 13.00 часот во Полициска станица Чаир, 42-годишна скопјанка пријавила дека нејзиниот поранешен сопруг, пред околу три месеци, недолично се однесувал и се соблекол пред нивните две малолетни деца, додека биле на викенд посета кај него во скопската населба Аеродром. За случајот е известен Центарот за социјални работи и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2023 во 19.10 часот било пријавено дека во Охрид, на ул.„Вангуо Питошевски", патничко возило „ауди" со охридски регистарски ознаки, управувано од Н.Р.М.(35) од Охрид, удрило во малолетен пешак од Охрид. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 02.06.2023 во 04,13 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на ул.„Сава Михајлов" настанал пожар на патничко возило „опел вектра" со скопски регистарски ознаки, сопственост на З.Р.(51) од Скопје, кое било целосно опожарено во делот зад моторот. Повредени лица нема, а пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

Вчеравечер (01.06.2023) околу 21.45 часот, пред угостителски објект на улица „Кеј Вардар" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го приведе 32-годишниот гостиварец А.Н., кој се однесувал агресивно кон нив додека преземале службени дејства. По целосно документирање на случајот, против А.Н. ќе следува соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет